Врз основа на член 64 став 5 од од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр. 91/2008, 119/2010, 23/2013), а во врска со член 10 став (2) алинеја 5 од Правилникот за Техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Македонија„ бр.38/09 и 158/10), Генералниот секретар на Собранието на Република Македонија донесе

**ПРАВИЛНИК**

**ЗА НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ, КАКО И**

**НАЧИНОТ НА УНИШТУВАЊЕ, БРИШЕЊЕ И ЧИСТЕЊЕ НА МЕДИУМОТ**

**ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на уништување на документите , како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите што се користат за обработување на личните податоци од страна на Собранието на Република Македонија (во натамошниот текст: Собрание на Република Македонија).

**Член 2**

Документите кои што содржат лични податоци по истекот на определениот рок за нивно чување се уништуваат од комисија определена од страна на Генералниот Секретар на Собранието на Република Македонија.

Документите од став 1 од овој член се уништуваат со уред за ситнење (штредер) за што комисијата составува записник кој што го доставува до Генералниот Секретар на Собранието на Република Македонија.

Во записникот задолжително се наведуваат категориите на лични податоци кои што ги содржат документите што се уништуваат.

**Член 3**

По пренесувањето на личните податоци од медиумот или по истекот на определениот рок за чување , медиумот се уништува, брише или пак се чисти од личните податоци кои што се снимени на него.

Уништувањето на медиумот се врши со механичко разделување на неговите составни делови при што истиот повторно да не може да биде употреблив.

Бришењето или чистењето на медиумот се врши на начин што оневозможува понатамошно обновување на снимените лични податоци .

За случаите од ставовите 1 и 2 на овој начин се составува записник, кој ги содржи сите податоци за целосна идентификација на медиумот, како и за категориите на лични податоци снимени на истиот.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на веб страна во Собранието на Република Македонија.

**Генерален Секретар**

**на Собранието на Република Македонија**

**Жарко Денковски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Собрание на Република Македонија СКОПЈЕ

**Број** 01-5062/1

22.12 **2016 година**